Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 27.11.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 6024 | 1 | |

12:29

До:
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, бр.10-5984/1 од 25.11.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

**П Р Е Д Л О Г**
**за изрекување мерка**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, бр.10-5984/1 од 25.11.2016 година, емитуван на ден 21 ноември 2016 година .

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) е член 75-ѓ став 2 од Изборниот законик ("При распределба на дополнителното време за рекламирање во еден реален час емитувана програма за платено политичко рекламирање, а кога постои интерес за спојување на блоковите на една политичка партија во два последователни реални часа, медиумот е должен да обезбеди гаранција дека спојувањето на блокови во два последователни часа два пати по ред нема да биде од иста политичка партија и ќе обезбеди гаранција за наизменична застапеност на политичките партии од власт и опозиција").

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, бр.10-5984/1 од 25.11.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се покрене прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена за прекршување на член 75-ѓ став 2 од Изборниот законик.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Привремената комисија за следење на медиумското преставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, бр.10-5984/1 од 25.11.2016 година, емитуван на ден 21 ноември 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на програмскиот сервис на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, бр.10-5984/1 од 25.11.2016 година, Привремената комисија констатираше дека ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, во рамките на својот програмски сервис емитуван на 21 ноември 2016 година, на државно ниво, спротивно на одредбите од член 75-ѓ став 2 од Изборниот законик, во неколку последователни реални часа по ред, се емитувани споени блокови платено политичко рекламирање за ист учесник во изборна кампања. Спојувањето на блоковите за ист учесник во изборна кампања е направено во последователните реални часови од 17:00 до 18:00, од 18:00 до 19:00, од 19:00 до 20:00, од 20:00 до 21:00, од 21:00 до 22:00, и од 22:00 до 23:00 часот.

Прекршокот е констатиран и е специфициран (по опис на констатации од надзорот, датум на прекршок, платено политичко рекламирање, период на емитување на рекламирањето и нарачател) во Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) бр.10-5984/1 од 25.11.2016 година, во точка 6. „Констатации од надзорот“.

Врз основа на предходно наведеното, со оглед дека прекршокот е сторен за прв пат, Привремената комисија за следење на медиумското претставување предлага да се покрене прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција - опомена.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љуљзим Хазири _______________
2. Слаѓана Димишкова _______________
3. Љубомир Костовски _______________
4. Горан Трпеноски _______________
5. Цветин Чилиманов _______________